Фото Сојуз на Македонија - Photo Association of Macedonia

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; WWW.FOTOSOJUZ.MK; e-mail: info@fotosojuz.mk; fotosojuz.mk@gmail.com

***ФОТО СОЈУЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

**Во соработка со *Скопско лето***

**во склоп на**

***ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2013***

објавува

# *РАБОТИЛНИЦА ЗА СЦЕНСКА ФОТОГРАФИЈА*

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; WWW.FOTOSOJUZ.MK; e-mail: info@fotosojuz.mk; fotosojuz.mk@gmail.com

Почитувани,

Фото Сојузот на Република Македонија, во склоп на Денови на Македонската Фотографија 2013 организира курс/работилница за сценска фотографија.

**УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА РАБОТИЛНИЦАТА:**

Можат да се пријават сите заинтересирани фотографи кои имаат доволно познавање на фотографската техника и техниката на снимање и поседуваат сопствен дигитален фото апарат кој има минимални технички услови за снимање во лоши светлосни услови. Курсот нема да има дел во кој се објаснуваат основите на фотографијата и затоа не се смета дека е почетен, туку напреден, за фотографи и фотографки, кои веќе ги имаат совладано почетните чекори во светот на фотографијата.

Доколку сакате да се пријавите, треба да испратите кусо мотивациско писмо, не повеќе од половина страна, во кое ќе објасните зошто сакате да учествувате на работилницата. Доколку имате, добро е да испратите најмногу 5 (пет) ваши фотографии од концерт, претстава, опера, балет или некоја друга изведувачка уметност. Фотографиите треба да се со веб квалитет. Доколку имате своја галерија на интернет, исто така посочете ја адресата. Доколку некои ваши фотографии биле објавувани во некој медиум, наведете каде и кога и доколку е возможно обезбедете линк.

Учеството не е возрасно ограничено, но малолетните лица ќе треба да приложат писмено одобрение од нивен родител/старател.

За членовите на ФСМ учеството е бесплатно, а останатите учесници плаќаат котизација од 500 денари (петстотини денари). Во селекцијата, делумна предност ќе имаат членовите на ФСМ.

Организаторот, врз основа на мотивациските писма и останатите приложени материјали ќе направи селекција од најмногу 15 учесници.

Сите пријави, треба уредно да се испратат на следнава адреса: fotosojuz.mk@gmail.com, со наслов - за работилница.

Организаторот не сака да ги обесхрабри учесниците надвор од Скопје, но не сноси патни и слични трошоци на учесниците.

Краен рок за пријава е 16.06.2013 година.

**КУС ОПИС НА РАБОТИЛНИЦАТА/КУРСОТ ЗА СЦЕНСКА ФОТОГРАФИЈА**

На овој курс, учесниците ќе можат да се запознат со основите на сценската фотографија и е единствена можност под вакви услови кај нас. Учесниците, по завршувањето на првиот дел од курсот, ќе добијат пропусници за сите случувања на Скопско Лето, каде што од нив се очекува практично да ги применат знањеата и вештините кои биле зајакнати на курсот. Најдобрите дела ќе бидат тековно изложувани на еднинственоит независен портал за култура кај нас - www.plagij.at и на страницата на фестивалот Скопско Лето. По завршувањето на практичниот дел, некаде во Септември, во договор со групата, ќе се одржи дел во кој ќе се анализира сработеното и ќе се состави изложба од најдобрите дела од сите учесници на работилницата.

**ПРЕДАВАЧИ:**

**Александар Кондев, Ф1 ФСМ,** со огромно искуство во пренесување знаења и вештини во фотографијата и особено долгогодишно практично искуство во сценска фотографија.

**Татјана Ранташа, Ф2 ФСМ,** уредничка на www.plagij.at, фотографка која веројатно има фотографирано најголем број концерти во своето портфолио на нашата сцена.

**Сашо Н. Алушевски, Ф1 ФСМ,** со големо искуство во организирање курсеви, семинари и работилници од разни области, дел од неговото портфолио се концертни фотографии.
**Дарко Петровски, Ф1 ФСМ,** наставник по фотографија во Гимназија Нова.

Постои можност, доколку групата успее да најде термин, да биде одржано едно предавање преку видео врска од страна на **Жига Коритник**, познат сценски фотограф од Словенија (http://www.zigakoritnik.com/). Кај нас најпознат по тоа што е официјален фотограф на Скопје Џез Фестивал.

Фото Сојуз на Македонија - Photo Association of Macedonia

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; WWW.FOTOSOJUZ.MK; e-mail: info@fotosojuz.mk; fotosojuz.mk@gmail.com

**ПРОГРАМА НА КУРСОТ ЗА СЦЕНСКА ФОТОГРАФИЈА:**

==========================================================================

**ЈУНИ:**

Курсот ќе се одржува во просториите на Coffee House, ТЦ Лептокарија, во галерискиот простор. Предавањата се на 18ти, 20ти и 24ти Јуни, од 18 до 21 часот. Доколку постои поинаква потреба за термини, организаторот ќе флексибилност во термините. Во овие три  сесии од по 3 саати, ќе се покријат следниве теми:

18.06.2013, 18.00ч, Coffee House

Претставување на учесниците, преку нивни фотографии
Претставување на предавачите, со нивни фотографии
Вовед во сценска фотографија

20.06.2013, 18.00ч, Coffee House

Технички вовед во „сцена“. Анализирање на шемите на главните сали во Скопје во кои се одржуваат најголем број на настани од културата.
Манири, позиции, движење и основи сценско снимање.
Техники на снимање на изведувачки уметности 1 дел.

Доколку групата најде соодветно време, (заради разликата во временската зона во која е во тој период авторот) ќе се одржи видео предавање од страна на Жига Коритник.

24.06.2013, 18.00ч, Coffee House

Техники на снимање на изведувачки уметности 2 дел.
Видови на изведувачки уметности - разлики во пристапот за нивно снимање.
Акредитации, претставување на фотографиите во јавност.
Права и правила во објавувањето на фотографиите.
Основи на обработка (за веб, принт и слично)
Основен договор за фотографирање на фестивалот Скопско Лето

**Јуни-Септември**
**Практична примена на стекнатите знаења и вештини**
**на фестивалот Скопско Лето**

**Септември 2013** (точни термини се прават во договор со групата)
Анализа на направените фотографии
Основи на обработка на сценски фотографии
Подготовка за изложба на најдобрите фотографии
Изложба на фотографиите

==========================================================================

**ГИ ОЧЕКУВАМЕ ВАШИТЕ ПРИЈАВИ НА:**

fotosojuz.mk@gmail.com

...доколку имате потреба од некакви дополнителни информации, слободно обратете ни се...